E4E@MK EDUCATION FOR EMPLOYMENT IN MACEDONIA

# АНАЛИЗА НА УЧЕСТВОТО НА МЛАДИТЕ ВО РАЗВОЈОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ ВЕШТИНИ

(ДЕЗАГРЕГИРАНИ ИНФОРМАЦИИ СПОРЕД ЦЕЛНА ГРУПА НА ПРОЕКТОТ 15-29 ГОДИНИ)



Изготвено од: Стопанска комора на Македонија
Проект: Образование за вработување во Македонија
Датум: Ноември 2018

A project of:
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Implemented by:
HELVETAS MACEDONIA
Macedonian Civic Education Center
СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| *i* | *Преглед* | *4* |
| *ii* | *Листа со кратенки* | *5* |
| *iii* | *Методологија* | *6* |
| *I* | *Вовед* | *6* |
| *II* | *Вклученост на младите во неформалното образование* | *8* |
| *III* | *Резултати од мерката „Гаранција за млади“* | *18* |
| *IV* | *Вклученост/инклузивност на маргинализираните групи* | *19* |
| *V* | *Модели на финансирање на обуките* | *20* |
| *VI* | *Закчучок* | *22* |
| *П1* | *Прилог 1– Вклученост во НФО на младите во споредба со вкупниот број вклучени лица* | *23* |
| *П2* | *Прилог 2 – вклученост на млади лица во мерките на АВРМ следена во периодот 2012-2017/2018** | *23* |

# П Р Е Г Л Е Д


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Табела 1: Социјална вклученост, по години и по индикатори | 7 |
| 2 | Табела 2: Компарација за учество на возрасните во доживотното учење ЕУ-28 и Македонија | 8 |
| 3 | Графикон 1: Стапка на учество во неформалното образование – ЕУ , партнерски и соседни земји на ЕУ | 8 |
| 4 | Графикон 2: Вклученост во НФО врз основа на школска подготвеност на учесниците | 9 |
| 5 | Графикон 3: Вклученост во НФО врз основа на економскиот статус на учесниците | 10 |
| 6 | Графикон 4: Вклученост на младите во мерките на АВРМ | 11 |
| 7 | Графикон 5: Број на учесници согласно национална припадност | 12 |
| 8 | Графикон 6: Пречки за учество во НФО | 13 |
| 9 | Графикон 7: Пристап до бесплатни инфромации за можности за учење според начинот на добивање на информацијата | 14 |
| 10 | Табела 3: Број на вклучени лица во мерката ГМ по карактеристики | 15 |
| 11 | Табела 4: Преглед по години 2012-2018 финансирани преку ОП или на комерцијална основа/преку други фондови или грантови | 17 |

# ЛИСТА СО КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВРМ** | Агенција за вработување на Република Македонија |
| **ГМ** | Гаранција за млади |
| **ОП** | Оперативен план |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НВО** | Невладина организација |
| **НФО** | Неформално образование |
| **СКМ** | Стопанска комора на Македонија |
| **ЦОВ** | Центар за образование на возрасните |

## МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа истражување има за цел да ја утврди и идентификува улогата на неформалното образование во општеството, преку анализа на учеството на младите и идентификување на вештините или компетенциите кон кои се насочени овие лица како целна група (од 15-29 години). Во рамките на оваа анализа се користени податоци од редовната евиденција на релевантните институции кои ги следат социо-економските промени и трендови, како и оние кои, врз основа на податоците, креираат политики и мерки за интервенирање во потребните области.

## I. ВОВЕД

Република Македонија има долга традиција во неформалното образование уште пред осамостојувањето, кога постоела дефинирана активна политика во доменот на неформалното образование каде државата го обезбедувала спроведувањето на неформалното образование во примарното, секундарното и терцијалното образование преку создавање можности за лична надградба во извесен број вештини (јазици, занаети) и можност за помладата популација да реализира дел од своите интереси преку разни видови организирани активности надвор од формалниот систем.

Неформалното образование го опфаќа секој облик на организирано учење на доброволна основа, кое се изведува со помош на професионално квалификувани наставници или предавачи и образовна програма со што придонесува за зголемување на знаењата и вештините на индивидуата. Истото претставува ефективно средство во процесот на постојано образование и доживотно учење. Доживотното учење е насока за компензација на недостатоците на формалниот образовен процес и преку оваа форма се дава можност на оние лица кои не се во можност да продолжат со формалното образование, тоа да го компензираат преку обуки од областа на неформалното образование.

Од особена важност е да се напомене дека вклученоста на младите во овој процес доведува не само до зголемување на можностите за вработување, туку помага и во развивањето на човечките капацитети. Ваквите компетенции влијаат за зголемување на мотивацијата кај учесниците и се во директна корелација со личниот и професионалниот развој. Но, од друга страна,

евидентно е дека формалниот систем не е во состојба да понуди сет на вештини и затоа овој недостиг се надополнува преку неформалното образование.

Законот за образование на возрасните од 2008 година обезбедува основа за верификација на програмите и на понудувачите на обуки, а од 2012 година досега, се верифицирани 368 програми. Официјалната статистика го преценува бројот на учесниците во образованието на возрасните, бидејќи дефиницијата за „возрасни" ги опфаќа сите лица над 15-годишна возраст, па следствено на тоа, вкупните бројки ги вклучуваат и редовните ученици и студенти. Ако се исклучи последната група, може да се заклучи дека учеството во образованието на возрасните е на ниско ниво во споредба со состојбите во ЕУ.



Примерите на различни типови образовни програми за возрасните што се нудат во државата опфаќаат: обуки за основни вештини за нискоквалификувани возрасни лица и за ранливи категории, обуки поврзани со определено работно место и обуки за преквалификација на невработените лица, обуки на работното место, обуки за континуиран професионален развој, едукативни активности во областа на уметноста, музиката, исполнувањето на слободно време и на личниот развој, како и обуки за граѓанство, демократија и за зајакнување на заедниците. Неформалните програми ги нудат, цела палета, различни засегнати страни. Значајни понудувачи на обуки се: Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), училиштата, високообразовните институции, различните приватни понудувачи на обука (на пример: училишта за странски јазици, центри за обука на комориte), отворените граѓански универзитети за доживотно учење (претходно познати како „работнички универзитети"), општините, невладините организации (НВО) и работодавците.

## II. ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ ВО НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во Македонија младите сочинуваат речиси една четвртина од целото население, или поточно 480.828 жители од вкупно 2.022.547 на возраст од 15-29 години. Согласно законските измени од 2008 година, средното образование има статус на задолжително и во изминатите десет години тоа придонесе за уште поголем број на млади да го продолжат своето образование на повисоко ниво. Оттука следењето на учеството на младите во неформалното образование од 15 до 24 години е отежнато со оглед на фактот дека повеќето од нив, во тој период, сè уште се вклучени во формалниот систем на образование.

Невработеноста е еден од најзначајните долгорочни проблеми со кои се соочува Република Македонија, особено кај младата популација на возраст од 15 до 29 години кои најчесто се соочуваат со различни проблеми за да влезат на пазарот на трудот како што се:

- Неусогласеност на стекнатите знаења и вештини во формалното образование со реалните потреби на пазарот на труд;
- Просечен период од 30 месеци до наоѓање на првата работна позиција (редовен работен однос);
- Недоволен број на адекватни работни позиции;
- Нееднаков регионален развој и нееднаква дисперзираност на индустриски гранки;
- Недоволно стимулација и мотивација за идните вработени од страна на работодавачите во одредени сектори.

Во насока на намалување на јазот на невработеноста кај младите, АВРМ во изминатите години ја креира услугата Подготовка за вработување и за работа која има за цел да им овозможи на младите невработени лица (на возраст од 18 до 29 години) да стекнат знаења и да развијат вештини барани на пазарот на труд и преку подготовка за вработување да им се овозможи полесна и побрза интеграција на пазарот на трудот. Во рамки на услугата се реализирани обуки од страна на вработените на АВРМ преку кои на невработените лица им се даде можност да развијат вештини за барање работа, комуникациски вештини, соодветно однесување на работно место,



тимска работа и лидерство, безбедност и здравје при работа, права и обврски на работа и финансиски вештини.

Концептот на доживотно учење несомнено е дел од Стратегијата за образование на возрасните од 2016 година и најчесто се спроведува преку неформално и информално образование. Меѓутоа учеството на возрасните во неформалното образование во Република Македонија е значително под просекот на ЕУ-28 и гледано од изминатите години може да се забележи дека има тренд на намалување.

**Табела 1: Социјална вклученост, по години и по индикатори**

| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Лица вклучени во процесот на доживотно учење, % | 4.0 | 3.5 | 3.1 | 2.5 | 2.8 | 2.3 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

Целите на ЕУ согласно одредниците на ЕТ2020 се да се постигне минимум 15% учество на возрасните во доживотното учење до 2020 година. Резултатите на Република Македонија иако отстапуваат за 8,6 процентни поени од моменталната состојба на ЕУ-28 земена како просек, сепак во голема мера се во согласност со другите земји во регионот, вклучително

и оние кои се членки на ЕУ. За разлика од нив особен интерес пројавува фактот дека од развиените земји, вклучително и оние кои не се членки на ЕУ, Швајцарија доминира со највисоко учество од 31,2% на возрасните во доживотното учење, следена од нордиските земји е Шведска (30,4%), потоа Финска (27,4%), Данска (26,8), Исланд (23,6%) и Норвешка (19,9%).

### Табела 2: Компарација за учество на возрасните во доживотното учење ЕУ-25 и Македонија

| | | ЕУ28 | | МК | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| индикатор | цел за 2020 | моментална состојба во ЕУ28 | тренд (во процентуал-ни поени) | извештај на ТРП 2012 | состојба | тренд | разлика со состојбата во ЕУ28 |
| учество на возрасните во доживотното учење | 15% | 10.9% | 1.4 | 3.3% | 2,3% | намалување | пониско за: 8,6 поени |

### Графикон 1: Стапка на учество во НФО - ЕУ, партнерски и соседни земји на ЕУ




*Извор: Eurostat*

Земајќи ја предвид целокупната вклученост во неформалното образование од сите возрасни групи, учеството на младите е застапено со 38,5% од вкупното учество, што ни укажува дека во тие години работната сила е високо заинтересирана за надградба на своите знаења и вештини. Гледано од аспект на образованието доминираат лицата со високо образование 63,9%, наспроти лицата со завршено средно образование 35,2% и без образование, незавршено основно и основно образование 0,9%. Сликата исто се реплицира и во вкупниот соодност кога би се земале во предвид и останатите возрасни групи (**Прилог 1:** Вклученост во неформалното образование на младите во

споредба со вкупниот број вклучени лица).

Според видот на активноста, од вкупниот број на лица кои посетувале неформално образование, 56.7% учествувале на работилници и семинари, 33.8% имале обука на работното место, додека 28.1% посетувале курсеви. Вработените лица и тоа 61.7% најмногу посетувале работилници и семинари, додека неактивното население 79.6%, најмногу посетувало курсеви.

Високото учество на лицата со повисок степен на образование наспроти оние со понизок степен на образование на некој начин е очекувано, главно поради фактот што враќањето во институционална средина за учење или за обука подоцна во животот, често делува заканувачки за тие со ниско ниво на образовни достигнувања. Оттука се поставува прашањето за тоа на кој начин треба да се пристапи за да се привлечат учесници со најразлично образование.

Во однос на возраста на учесниците во неформалното образование, можеме да видиме дека помладото население е поактивно од постарото. Ова доведува до претпоставка дека постарото население, иако е невработено или економски неактивно, е недоволно мотивирано да се вклучи во образование и учење.

### Графикон 2: Вклученост во НФО врз основа на школска поготвеност на учесниците




Доколку ги анализираме согласно нивниот економски статус, можеме да заклучиме дека повеќето учесници во неформалното образование се

вработени лица (77,4% кај млади лица 15-29 години и 87,6% од сите возрасни групи на учесници), кои можат да си дозволат финансирање на вакви обуки со цел напредување на работното место или станување поконкурентни на пазарот на труд. Од друга страна пак, тоа може да укажува на фактот дека работодавачите вложуваат во своите вработени преку финансирање на обуките со цел унапредување на постојниот човечки капитал со кој располага компанијата.

Гледано од аспект на невработените лица, може само да се потврдат заклучоците дека вложувањето во дополнително образование надвор од редовното предизвикува дополнителни издатоци за кои не се во можност да ги покријат, а тоа се покрепува и со ниското учество на оваа категорија лица во неформалното образование (8,8% кај млади лица 15-29 години и 5,2% од сите возрасни групи на учесници). Младите во земјата што немаат работа се соочуваат со долги периоди на барање на вработување. Учеството на невработените млади лица на возраст од 15 до 29 години, кои бараат работа повеќе од една година, изнесува 34.2% од вкупниот број на долгорочно невработените лица во 2016. Оваа ситуација ја истакнува загрижувачката состојба на невработените во поглед на нивната образовна мобилност. Иако тие се група којашто е најзасегната од технолошките промени и од недостатокот на можности за вработување, сепак се многу пасивни кога станува збор за менување на нивниот работен статус. Мобилизирањето на оваа целна група треба да биде еден од приоритетите на политиките за образование на возрасни.

### Графикон 3: Вклученост во НФО врз основа на економскиот статус на учесниците

Графикон 3: Вклученост во НФО врз основа на економскиот статус на учесниците



Доколку се земе во предвид и евиденцијата на Центарот за образование на возрасни, согласно спроведените верифицирани програми во периодот од 2012 година до првата половина на 2018 година (заклучно со 31.08.2018 година) вкупниот број на учесници кои се стекнале со знаења и вештини преку верифицирани обуки изнесува 2.518, од нив 1.293 лица биле млади лица до 29 години, што претставува 51% учество на лица од 15-29 години. Секако оваа евиденција не ги вклучува останатите понудувачи на неформално образование кои работат по нестандардизирани и неверифицирани програми – тука голем удел имаат невладините организации кои сочинуваат скоро третина одвкупниот број на понудувачи на обуки, како и приватните компании кои организираат обука на работното место. Но, од друга страна, податоците од ЦОВ претставува своевиден репрезентативен примерок, гледано од аспектот на валидација на стекнатото знаење преку добивање на сертификат за знаења, вештини, способности и компетенции кој е признат од страна на Министерството за образование и наука.



Од друга страна пак, доколку се анализираат податоците на АВРМ за опфатените млади лица преку мерките за вработување (ОП, ИПА, Влада на РМ-СПИЛ и издвоени средства за посебни фондови) за периодот од 2012-2017 година бележи 7.774 лица, но со оглед на фактот дека оваа бројка опфаќа и лица кои посетувале повеќе од една обука, доколку истите се иземат од двојната евиденција, реалниот број на млади лица се сведува на 5.897 лица. Во анализата подолу не се опфатени лицата од 2018 година – заклучно до 11/2018, 594 млади лица успешно се стекнале со знаења и вештини преку мерките на АВРМ. Гледано од среднорочна перспектива бројот на млади лица опфатени со мерките има тренд на растење. (Прилог 2: Вклученост на млади лица во мерките на АВРМ следена во периодот 2012-2017/2018) Споредено со вкупниот број на лица опфатени со мерките (15-64 години) кој изнесува 14.537 можеме да заклучиме дека 41% од учесниците се млади лица, а 59% се жени (8.625).

## Графикон 4: Вклученост на младите во мерките на АВРМ




Гледано од етничка структура забележана е застапеност на припадници од различна националност. И покрај тоа што тренинг-провајдерите не се обврзани да водат евиденција по етничка структура, сепак АВРМ води интерна евиденција на лицата кои аплицираат за учество на некоја од обуките предвидени со мерките, па оттаму можеме да заклучиме дека иако постои инклузивност на другите националности, нивната застапеност е многу ниска, Македонци (87%) во споредба со Албанци (9%), Роми (2,9%), Срби (1,4%) и Власи (0,4%).



### Графикон 5: Број на учесници согласно национална припадност




Од аспект на типот на обуки реализирани преку мерките главно се опфатени четири категории и тоа:

- Обуки за бизнис и претприемништво (Обуки за започнување на бизнис)
- Јазични вештини (основно и напредно ниво)
- ИТ вештини (основно и напредно ниво)
- Обуки за вештини и занимања барани на пазарот:
    - Автосервисер за лесни поправки
    - Аргон заварувач
    - Болничар за медицинска установа
    - Гипсер - монтер
    - Готвач во угостителски објекти
    - Електроинсталатер и електромонтер за индустриски објекти
    - Електроинсталатер и електромонтер за станбени објекти
    - Изработувач и монтажер на градежна столарија
    - Изработувач на бели печива
    - Изработувач на браварски производи
    - Инсталатер и монтер на водоводна и гасоводна инсталација
    - Келнер - гастроном
    - Патронажна негувателка

- Помошник козметичар
- Преработувач на зеленчук
- Сервисер на мехатронички системи
- Составувач на горни делови на обувки
- Фризер за жени

Покрај финансиските издатоци (трошоци) кои се рангирани како најголема пречка (27,2%), од страна на младите како останати значајни пречки се истакнуваат и семејните обврски (16,2%), распоредот на обуките (12,5%), оддалеченост од местото на одржување на обуката (10,4%), други лични причини (9,2%) немање поддршка од работодавачот или јавните служби (8,6%) и сл.

### Графикон 6: Пречки за учество во НФО




*Извор: Државен завод за статистика*

Од аспект на пристапот до бесплатни информации за можности за учење според начинот на добивање на информации, најчесто учесниците тоа го сториле преку директна комуникација лице во лице (33%), следено од контакт со лице преку интернет, телефон, електронска пошта или друг медиум (30%), дел од нив до податоците дошле преку информирање од книги, постери, летоци и ТВ програма (22%), а најмал дел од нив до бесплатни



информации дошле преку компјутерски базирани апликации за информации (15%). Покрај луѓето што активно бараат курсеви и на кои може лесно да им се пристапи преку реклами во весник или информација закачена на огласната табла на работа, прашањето како да се стигне до нискоквалификуваните луѓе или до ранливите категории во изолираните заедници е многу потежок проблем, кој треба да се решава на многу поинвентивен начин преку локални информативни канали на заедницата и поголема.

### Графикон 7: Пристап до бесплатни информации за можности за учење според начинот на добивање на информацијата



# III. РЕЗУЛТАТИ ОД МЕРКАТА ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ

Воведувањето на „Гаранција за млади" (ГМ) како мерка на Владата на Република Македонија претставува системски пристап кон решавање на проблемите со кои се соочуваат младите и е насочена кон обезбедување на младите во период од четири месеци од денот на евиденција во АВРМ, квалитетна понуда за вработување, континуирано образование и обука или практикантство. Од трите столба со активности предвидени преку мерката **(1)** *рана интервенција (формално образование и обука)*; **(2)** *теренски активности* (да се привлечат млади NEET[1] кои не се регистрирани во центрите за вработување или се неактивни баратели на работа) и **(3)** *услуги за активација на пазарот на трудот и активни мерки и програми за интервенција на пазарот на трудот содржани во ОП за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година*, за нашата анализа од особено значење се вториот и третиот столб.

За таа цел во 2018 година е започнато пилотирање во три општини: Гостивар, Струмица и Скопје со вклучување на млади од категоријата NEET, односно млади лица кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обуки. Така во периодот од јануари до јуни верифицирани се 25 установи и институции за образование за 29 посебни програми кои би можеле да се реализират во 11 општини во Република Македонија.

Во рамки на вториот столб, бројот на мапирани NEET млади изнесува 248 млади лица во април 2018 година, 202 лица во мај и 214 лица во јуни, односно 764 мапирани млади лица во вториот квартал. Од вкупниот број на мапирани лица само 42,7% биле регистрирани во трите пилот центри за имплементација на ГМ за вториот квартал (април, мај, јуни 2019 година), односно бројот на регистирани лица изнесува 326.

Во третиот столб (услуги за активација на пазарот на трудот и активни мерки и програми за интеграција на пазарот на трудот) вкупно биле вклучени 1.770 млади невработени лица. Од табелата подолу можеме да заклучиме дека според полова струкура 48% од вклучените лицата се жени, 14,6% од учесниците се од ромска националност – овие два параметра ни покажуваат дека мерките се инклузивни без полова и етничка дискриминација. Најголемиот број на вклучени лица се од Скопје (68%), следено од Гостивар (17%) и Струмица (15%).

1 NEET- Not in Education, Employment or Training

**Табела 3: Број на вклучени лица во мерката ГМ по карактеристики**

| Место | Вкупно лица | Вкупно жени | Роми | Обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот | Обуки за напредни ИТ вештини | Обуки за општи вештини (странски јазици и компјутери) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гостивар** | 301 | 148 | 15 | 3 | 0 | 3 |
| **Скопје** | 1195 | 568 | 244 | 63 | 43 | 65 |
| **Струмица** | 274 | 139 | 0 | 11 | 2 | 6 |
| | **1770** | **855** | **259** | **77** | **45** | **74** |

*Извор: Министерство за труд и социјална политика*

## IV. ВКЛУЧЕНОСТ / ИНКЛУЗИВНОСТ НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ (жени, роми, млади луѓе со попречености)

Инклузивноста е пристап што бара начини како да ги трансформира образовните системи и други средини за учење се со цел да им одговори на различни учесници.

Неформалното образование дава можност за вклучување на различни категории учесници. ЦОВ има верифицирано 4 програми за лица со попреченост. Првата програма, верифицирана во 2015 година од овој вид, е од стуката здравствена заштита, програмата: „Терапевт за лица со оштетен вид". Во 2016 година, 2 програми беа верифицирани од машинската струга: „Аргон заварувач" и „Водоводџија инсталатер" и една од хемиско техничката струга „Пекар за лица со оштетен слух". Исто така ЦОВ верифицираше 2 програми кои водат до знаење, вештини и компетенции за луѓе со попречености: „Писменост на возрасните во Брајово писмо" и „Ориентација и мобилност за лица со оштетен вид". Во текот на 2016 година биле организирани 2 обуки за лица со попречености и тоа:

- 9 лица успешно завршиле обука за Аргон заварувачи и Водоводџија инсталатер;
- 7 лица успешно завршиле обука за Терапевт за лица со оштетен вид;



Во 2018 година била верифицирана уште една програма „Личен асистент за лица со попреченост" од страна на два понудувачи на обуки и во текот на изминатиот период биле реализирани 8 обуки во 7 градови: Скопје, Гостивар, Неготино, Струга, Куманово, Струмица и Битола каде биле вклучени 120 лица.

Програмите организирани во рамки на ОП вклучуваат голем број на учесници од женскиот пол. Во периодот од 2012 година заклучно со 30.11.2018 година, бројот на женски лица вклучени во неформалното образование преку мерките за задоволување на потребите на пазарот на труд изнесува 688 лица.

## V. МОДЕЛИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОБУКИТЕ

Досегашното искуство говори дека обуките најчесто се финансираат преку: самофинансирање од страна на учесниците, преку проектна активност на донатор, финансирање од страна на компании и финансирање преку ОП за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд. Согласно расположливите податоци на репрезентативен примерок од 35 понудувачи на обуки (провајдери), 49%, односно 17 понудувачи на обуки, обуките ги финансирале преку средствата од Оперативниот План, 37%, односно 13 понудувачи на обуки, реализирале обуки со самофинансирање од страна на учесниците, 8,5%, односно 3 понудувачи на обуки, обуките ги финансирале од страна на ЕУ – проекти и само 5,5% односно 2 понудувачи на обуки се изјасниле дека обуките ги финансирале преку други донатори.

Понудувачите на обуки сметаат дека и во следните години треба да продолжат мерките предвидени со ОП, кој во изминатиот период беше најголем двигател за реализирање на голем број обуки, но и поради неможноста за многумина да си дозволат обука. Од друга страна потребен е поттик за компаниите да започнат да финансираат дел од обуката, бидејќи истите се соочуваат со недостиг од квалификувана работна сила.

Согласно добиените податоци за обуки организирани од страна на понудувачи верифицирани од страна на ЦОВ можеме да констатираме дека обуките најчесто биле финансирани преку ОП, но исто така голем дел од нив биле реализирани врз комерцијална основа или биле финансирани преку други фондови или грантови.

**Табела 4: Преглед по години 2012-2018 финансирани преку ОП или на комерцијална основа/преку други фондови или грантови**

| Година | Број на обуки – финансирани преку Оперативниот План | Број на обуки – финансирани на комерцијална основа/преку други фондови или грантови |
|---|---|---|
| **2012** | 1 | 3 |
| **2013** | 3 | 12 |
| **2014** | 3 | 13 |
| **2015** | 19 | 7 |
| **2016** | 21 | 39 |
| **2017** | 25 | 57 |
| **2018** | 36 | 10 |

*Извор: Центар за образование на возрасните*



## ЗАКЛУЧОК

Доколку се земат во предвид резултатите произлезени од активностите во периодот 2012-2018 година, голем број лица од различна етничка припадност се стекнале со соодветни знаења и вештини преку неформалното образование и на тој начин си ги зголемиле шансите за вработување. Од особена важност е фокусот на државата да остане кон креирање мерки со кои се интервенира на пазарот на труд, но исто така на долг рок потребно е насочување на вниманието кон потребите на реалниот сектор и адекватно на тоа креирање на образовни политики и стимулирање на одредени дефицитарни занимања како и намалување на квотите за општо образовните профили. Поголема видливост на услугите на тренинг-провајдерите и нивна соработка со компаниите за поголема препознатливост и побрз трансфер на квалификуваната работна сила во индустријата.



Неформалното образование за релативно краток временски период овозможува соодветна подготовка на учесниците, а неговата флексибилност овозможува многу брзо пренесување на светските трендови и следење на пазарните потреби. За таа цел од особена важност е негово приближување до младата популација давајќи им можност за поврзување на теоретското со практичното знаење.

Но и покрај позитивниот тренд следен од бројот на млади лица кои поминале низ НФО, за голем дел од нив, донесувањето на одлука за доквалификација или преквалификација пред сѐ е мотивирана од целта да се бара работа надвор од границите на РМ, каде и покрај поголемата конкурентност на пазарот на труд, многу полесно се доаѓа до работната позиција која е повеќекратно подобро платена за разлика од дома. Оттука круцијално прашање е каква стратегија е потребна за да се задржи стручниот кадар и да се насочи нивната продуктивност кон креирање на вредност во домашната економија.

## ПРИЛОГ 1:

## ВКЛУЧЕНОСТ ВО НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ ВО СПОРЕДБА СО ВКУПНИОТ БРОЈ ВКЛУЧЕНИ ЛИЦА

| Неформално образование | | |
|---|---|---|
| **Школска подготовка** | Вкупно (15-64) | 15-29 |
| **Вкупно** | **122.567** | **47.168** |
| **Без образование, незавршено основно и основно образование** | 3.697 | 462 |
| **Средно образование** | 44.558 | 16.582 |
| **Више и високо образование** | 74.312 | 30.124 |
| **Вкупно (во проценти)** | **100** | **100** |
| **Без образование, незавршено основно и основно образование** | 3% | 0,9% |
| **Средно образование** | 36,4% | 35,2% |
| **Више и високо образование** | 60,6% | 63,9% |
| **Вкупно** | **122.567** | **47.168** |
| **Вработени** | 107390 | 36494 |
| **Невработени** | 6370 | 4145 |
| **Неактивно население** | 8807 | 6529 |
| **Вкупно (во проценти)** | **100** | **100** |
| **Вработени** | 87,6% | 77,4% |
| **Невработени** | 5,2% | 8,8% |
| **Неактивно население** | 7,2% | 13,8% |

## ПРИЛОГ 2

## ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИ ЛИЦА ВО МЕРКИТЕ НА АВРМ СЛЕДЕНА ВО ПЕРИОДОТ 2012-2017/2018*

| Година | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на лица | 102 | 448 | 832 | 809 | 1885 | 1821 | 594* |
| Вкупно (15-29) | (2012-2017) | | | **5897** | (2012-2018) | | **6491*** |
| Вкупно (15-64) | | | | **14537** | | | **15884*** |

*Податоците за 2018 година се однесуваат за периодот (јануари-ноември) и затоа не се земени во предвид при подготовка на анализата.

E4E@MK
EDUCATION FOR EMPLOYMENT @ MACEDONIA

# EDUCATION FOR EMPLOYMENT IN MACEDONIA



# АНАЛИЗА НА УЧЕСТВОТО НА МЛАДИТЕ ВО РАЗВОЈОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ ВЕШТИНИ


A project of:

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Implemented by:

HELVETAS MACEDONIA

Macedonian Civic Education Center

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA